13880

pres-kliping · press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

25. X. 1970

# КУЛТУРЕН ЖИВОТ

ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

Пишува: Боро Петковски

## ЈУБИЛЕЈОТ НА МАРТИНОСКИ

Творештвото и дејноста на доајенот на македонското сликарство, академикот Никола Мартиноски, се органски сраснати со раѓањето и развојот на современата македонска ликовна уметност. Тие претставуваат еден од оние пионерски зафати од чие упорно. непоколебливо дејствување, израснаа првите значајни плодови во оваа област на нашата култура.

Поради тоа средбата со неговата јубилејна изложба, со која уметникот деновиве прославува, неколку децении уметничко творење, значи настан од посебна важност за нашата ликовна уметност. Мораме да жалиме што Мартиноски немаше можност, од причини што се надвор од неговата ингеренција и настојувањето на организаторите на неговиот јубилеј, да се претстави со еден ретроспективен приказ на своето творештво. Но оваа сегашна изложба: компонирана од најновите творби на Мартиноски создадени главно во текот на последните година дена, ни овозможува попрецизно, појасно да го согледаме сегашниот творечки дијапазон на славеникот; попрецизно да ја определиме неговата реална присутност во сегашниот миг на нашата култура.

Во изложените дела ние и натаму ги чувствуваме суш-



НИКОЛА МАРТИНОСКИ: ИГРА

тествените белези на обемниот ликовен опус на Мартиноски. Да се потсетиме дека од почетокот на својата ликовна дејност уметникот пред сè е заинтересиран за толкување на фигурата на човекот, го става овој мотив во жижата на својот ликовен и духовен интерес. Таква насоченост е карактеристична и за неговите најнови дела. Со творештвото на Мартиноски за првпат кај нас е предаден „малиот човек", особено низ претстави на домашни прислужнички, деца, мајки со своите рожби, на градската сиромаштија од периферијата на Скопје Во сегашниот третман на овие мотиви Мартиноски повеќе го искажува она што може да се означи како ликовна поетизација на човечкиот лик: како истражување на оние моменти во човековото постоење во кои, барем краткотрајно, е заборавена неговата опачина.

На оваа изложба можеме да се потсетиме дека Мартиноски е вљубен и во друг вид смирени, интимни теми: ентериери од домашната опстановка, сцени од животот на средината во која живее уметникот: свадби, концерти. народни танци и тн. Тие алтернираат со оние поранешни остварувања, во кои се прикажани драматични настани од нашето подалечно и поблиско минато: или страсни, импулзивни, лирско — сензуални претстави, во кои се преплатува реалното и фантастичното. Некои од „мртвите природи" прикажани на оваа изложба, уште еднаш нè потсетуваат колку и во овој мотив, иаку не му припаѓа на примарниот ликовен интерес на уметникот, тој успева да ја достигне својата ликовна целосност.

Во цртежите на Мартиноски се гледа дека тој во овој период постојано се движи меѓу две постапки: во првата линијата е нервозна, игрива, суптилно изделжена и „извиткана"; во втората — потегот на уметникот извлекува одделни ликови или фигурални композици. во кои формата е предадена со цврста архитектура на масите, преданени во смирени, речиси скулптурално разбрани монументални стави. А со карактеристични скратувања и вешто одбирање на деталите. Мартиноски создава впечаток за нешто суптилно, елегантно или за нешто цврсто, постојано и во формите на луѓето и во нивните физиономии.

Ва сликите се чувствува истата осцилација. Најголемиот дел е сегашната сликарска фаза на уметникот означена со белези што искажуват извесна тивка, внатрешна експресивност. Маратиноски како сега да го ретроспектира сето свое ликовно знаење и искуство, како да настојува кон една претпазлива, внимателна и прочувствувана синтеза Внатрешната содржина на неговите дела: таа смирена, нежна, лирска емотивност изразена во човечките физиономии; таа поема за животот, за радоста од живеењето, таа возбуденост од актот на творењето, бараше и соодветна ликовна постапка .Мартиноски и натаму инсистира кон грациозна, елегант[illegible] пазливо манирична и деформирана линија на облиците и физиономите на луѓето; суптилно ги означува, потенцира некои карактеристични детали („арабескно" ги издолжува очите, устата, носот, шијата, ги искривува рацете, прстите, телото и тн.). И натаму е применета една „сочна". топла, внимателно одбрана колористичка гама. Таа сугерира една атмосфера што му е блиска според своите белези на нашиот географски и етнички амбиент.

Во циклусот дела што прикажуваат концерти или развиорени македонски народни танци, Мартиноски го потврдува својот усет за динамичен ритам на линијата и на формите: открива една деликатна смисла за придавање карактеристични елементи од ко[illegible]иот репертоар на нашите народни ора. Елементите на човечката фигура, лик, облиците на предметите, во овие негови творби се претворени во скицозно, немирно компонирани потези што ја носат во себе својата колористичка обработка. Тие се проектирани врз смирени или наметливо акцентирани основи. Композицијата, како и во претставите на концертите, е поставена врз битно ликовна логика: пренебрегнува секаков напор за создавање илузионистичка опстановка, за да се постигне ефект на необичност, експресивност, динамичност.

Вакви основни белези содржат и неговите творби работени на стакло. Некои од нив (на пример претставите на „свадби"), предадени со еден „вжештен" колорит, полн со топла сензуалност преку доминацијата на цела низа нијанси на црвената, сината, зелената и тн. бои: со игриво, кокетно, „разбивање" на формите и слободна композиција, се вбројуваат меѓу најдобрите остварувања на Мартиноски од последните години.